**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 30 ноември 2018 година

## Соопштение за печат

## Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: октомври 2018 година

- Просечната каматна стапка на вкупните кредити, во октомври, и натаму се намалуваше и се сведе на ниво од 5,42% (месечен пад од 0,04 п.п.). Од друга страна, просечната каматна стапка на вкупните депозити забележа минимален месечен раст од 0,01 п.п. и изнесува 1,43%.

- Во октомври, просечната каматна стапка на новоодобрените[2] кредити изнесува 4,92%, при остварен раст на месечна основа од 0,06 п.п., додека просечната каматна стапка на новопримените депозити се намали за 0,19 п.п. и се сведе на 1,38%.

Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити[3]

| | 10.2017 | 11.2017 | 12.2017 | 1.2018 | 2.2018 | 3.2018 | 4.2018 | 5.2018 | 6.2018 | 7.2018 | 8.2018 | 9.2018 | 10.2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **5.86** | **5.82** | **5.73** | **5.72** | **5.70** | **5.67** | **5.65** | **5.61** | **5.57** | **5.50** | **5.49** | **5.46** | **5.42** |
| Корпоративен сектор | 5.31 | 5.25 | 5.14 | 5.12 | 5.09 | 5.03 | 5.01 | 4.96 | 4.92 | 4.83 | 4.81 | 4.77 | 4.72 |
| Домаќинства | 6.43 | 6.40 | 6.38 | 6.37 | 6.36 | 6.35 | 6.33 | 6.29 | 6.25 | 6.20 | 6.18 | 6.17 | 6.15 |
| **Новоодобрени кредити** | **5.09** | **5.10** | **4.88** | **5.13** | **4.98** | **4.92** | **4.94** | **4.93** | **4.97** | **4.87** | **4.85** | **4.86** | **4.92** |
| Корпоративен сектор | 4.84 | 4.89 | 4.72 | 4.96 | 4.56 | 4.61 | 4.51 | 4.59 | 4.64 | 4.57 | 4.58 | 4.58 | 4.77 |
| Домаќинства | 5.55 | 5.52 | 5.35 | 5.50 | 5.60 | 5.56 | 5.59 | 5.57 | 5.53 | 5.38 | 5.35 | 5.39 | 5.34 |
| **Вкупни депозити** | **1.52** | **1.52** | **1.51** | **1.51** | **1.50** | **1.48** | **1.46** | **1.46** | **1.45** | **1.42** | **1.42** | **1.42** | **1.43** |
| Корпоративен сектор | 1.93 | 1.91 | 1.76 | 1.77 | 1.72 | 1.69 | 1.71 | 1.69 | 1.63 | 1.55 | 1.60 | 1.71 | 1.69 |
| Домаќинства | 1.47 | 1.47 | 1.47 | 1.47 | 1.47 | 1.45 | 1.43 | 1.43 | 1.43 | 1.40 | 1.40 | 1.39 | 1.39 |
| **Новопримени депозити** | **1.38** | **1.26** | **1.29** | **1.36** | **1.57** | **1.47** | **1.10** | **1.43** | **1.29** | **1.26** | **1.54** | **1.57** | **1.38** |
| Корпоративен сектор | 1.03 | 0.98 | 1.02 | 0.95 | 1.42 | 1.08 | 0.68 | 1.39 | 0.89 | 0.85 | 1.49 | 1.49 | 1.29 |
| Домаќинства | 1.73 | 1.57 | 1.57 | 1.61 | 1.71 | 1.79 | 1.46 | 1.48 | 1.55 | 1.55 | 1.59 | 1.60 | 1.45 |

Извор: НБРМ.

[1] Под „каматна стапка“ се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види методологија http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

[2] Во однос на каматните стапки на новоодобрените кредити/новопримените депозити се карактеристични променливи движења. Ваквите движења на каматните стапки произлегуваат од промени на обемот на новите депозити/кредити (којшто од месец во месец може позначително да се менува), како и од новодоговорената каматна стапка.

[3] Ефектите од промените во методологијата објавени во информацијата на 20 јули 2018 година (www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf) не се согледуваат кај поединечните категории каматни стапки на депозити/кредити (во денари без валутна клаузула, во денари со валутна клаузула и во странска валута), туку само кај агрегираните каматни стапки (во денари и во странска валута) коишто не се предмет на анализа во соопштението, но се објавуваат на интернет-страницата на НБРМ.

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[4]

– Каматната стапка на вкупните кредити одобрени на корпоративниот сектор во октомври бележи месечно намалување од 0,05 п.п. и изнесува 4,72%. Надолното месечно поместување е резултат на намалувањето кај сите нејзини компоненти. Имено, каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула и кредитите во странска валута забележаа идентичен пад од 0,06 п.п., соодветно, додека падот на каматната стапка на денарските кредити со валутна клаузула изнесува 0,04 п.п. Во однос на октомври минатата година, кај каматната стапка на вкупните кредити одобрени на корпоративниот сектор е остварено намалување од 0,59 п.п.







Извор: НБРМ.

– Во октомври, просечната каматна стапка на новите кредити одобрени на корпоративниот сектор изнесува 4,77% и е зголемена во однос на претходниот месец за 0,19 п.п. Анализирано според валутната структура, нагорната промена се должи на растот на каматната стапка на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,15 п.п.), во услови кога каматната стапка на денарските кредити со валутна клаузула бележи намалување (од 0,64 п.п.), а каматите на кредитите во странска валута се непроменети. Споредено на годишна основа, каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор е намалена за 0,07 п.п.

[4] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа нефинансиските институции (јавни и останати).







Извор: НБРМ.

– По зголемувањето на каматната стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор минатиот месец, во октомври таа оствари минимален пад за 0,02 п.п. и изнесува 1,69%. Намалувањето е резултат на сите компоненти во оваа категорија: каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула и на депозитите во странска валута (за 0,02 п.п., соодветно), како и на каматната стапка на денарските депозити со валутна клаузула (за 0,01 п.п.). Во споредба со истиот месец минатата година, каматната стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор забележа пад од 0,24 п.п.

– Во октомври, просечната каматна стапка на новопримените депозити[5] на корпоративниот сектор се сведе на нивото од 1,29%, што претставува месечно намалување од 0,20 п.п. Падот кај оваа категорија произлегува од намалувањето кај каматните стапки на девизните депозити и денарските депозити без валутна клаузула (за 0,40 п.п. и 0,21 п.п., соодветно), при раст на каматната стапка на денарските депозити со валутна клаузула (за 0,18 п.п.). Оваа каматна стапка е зголемена за 0,26 п.п. на годишна основа.

[5] Во графиконот којшто се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[6]







Извор: НБРМ.

- Во споредба со минатиот месец, каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата во октомври е намалена за 0,02 п.п. и изнесува 6,15%. Притоа, надолната промена се должи на каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула и кредитите во странска валута коишто бележат идентичен пад од 0,03 п.п., соодветно, како и на минималната промена од 0,01 п.п. кај каматната стапка на денарските кредити со валутна клаузула. На годишна основа, каматната стапка бележи намалување од 0,28 п.п.

- Во октомври кај просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата е забележано намалување на месечна основа од 0,05 п.п. и таа изнесува 5,34%. Остварениот месечен пад во целост произлегува од намалувањето на каматната стапка на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,19 п.п.), во услови на раст на каматните стапки на девизните кредити и денарските кредити без валутна клаузула (за 0,15 п.п. и 0,04 п.п., соодветно). Во однос на октомври 2017 година, оваа каматна стапка е намалена за 0,21 п.п.







Извор: НБРМ.

[6] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

– Просечната каматна стапка на вкупните депозити од домаќинствата, во октомври, не забележа месечна промена и се задржа на нивото од 1,39%. Оваа каматна стапка на годишно ниво е намалена за 0,08 п.п.

– Овој месец, просечната каматна стапка на новопримените депозити[7] од домаќинствата бележи месечен пад од 0,15 п.п. и изнесува 1,45%, под влијание на намалувањето на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула и на девизните депозити (за 0,14 п.п. и 0,12 п.п., соодветно). Анализирано на годишна основа, оваа каматна стапка бележи пад од 0,28 п.п.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Месечни податоци за каматните стапки: 31 декември 2018 година (референтен пресек заклучно со ноември 2018 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/ 110/ 108).

[7] Во графиконот којшто се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.